Врз основа на член 384 од Законот за трговски друштва и член 44 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на ден 19.04.2024 год. ја донесе следната

# О Д Л У К А

за распоред на добивка по завршна сметка за 2023 год и нејзина употреба

член 1

Добивката по Годишна сметка за 2023 год на Тетекс АД Тетово, по одданочување изнесува 94.292.098 ден.

член 2

Се одобрува остварената добивката после одданочување на Тетекс АД Тетово за 2023 год од 94.292.098 ден да се распореди за следните намени :

- износ од 4.714.605 ден.**,** којшто се внесува во законски резерви на Друштвото.

- износ којшто се исплатува во вид на дивиденда на иматели на акции 44.868.890 ден.

- износ на нераспоредена добивка 44.708.603 ден.

член 3

Се одобрува исплата на Генералниот директор на Друштвото, износ кој изнесува 5% од остварена добивка на Друштвото по одданочувањето и по издвојување на делот за законски резерви, кој што се исплатува по член 6 од Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и Генерален директор и одредбите на ЗТД.

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово

Претседавач